МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС
IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје
МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

# ИЗБОРНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Сашо Клековски

**Лектура**
Даниел Медароски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4617-23-5

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# СОДРЖИНА

**Вовед** ..... 3

**Очекувања за фер и демократски избори** ..... 4

**Какви изборни нерегуларности се можни и од кого** ..... 5

**Причини за изборни нерегуларности** ..... 7

**Заклучоци** ..... 7

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Дел од активностите се и испитувањата на јавното мислење за прашања поврзани со изборите, како карактеристиките на кандидатот за пратеник, можните изборни нерегуларности и сл. Во овој извештај се презентирани мислењата на граѓаните за тоа како ќе се одвиваат вонредните парламентарни избори, дали очекуваат нерегуларности и какви нерегуларности се можни.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета од страна на ИДСЦС од 13 до 15 мај 2011 г. на репрезентативен примерок од 1.107 испитаници со +/- 3 % грешка. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Од 1.107 испитаници, 49,7 % беа жени, а 50,3 % мажи, во однос на етничката застапеност 70,9 % од испитаниците беа Македонци, а 23,7 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 5,4 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 28,9 %, додека градската со 71,1 % (градот Скопје со 23 %).

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки. Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Социо-демографските анализи за помалобројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок не се коментирани во овој извештај. Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

# ОЧЕКУВАЊА ЗА ФЕР И ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ

Граѓаните се анкетирани за нивните очекувања за текот на изборите, односно за нивните очекувања за фер и демократски избори.

Графикон 1. Очекувањата на граѓаните за фер и демократски избори




Мнозинството од граѓани (50,8 %) очекуваат фер и демократски избори, а 38 % мислат дека ќе има изборни нерегуларности. Мало малцинство (12,8 %) или еден од десет граѓани стравува дека ќе има масовни нерегуларности и насилство на изборите.

Графикон 1а. Очекувањата на граѓаните за фер и демократски избор – поедноставен приказ




Највозрасните граѓани над 65 г. најмногу стравуваат од масовни нерегуларности и насилство на изборите (17,3 %). Етничките Албанци (14,4 %) малку повеќе стравуваат од масовни нерегуларности и насилство на изборите од етничките Македонци (11,5 %), но и секој петти (18,2 %) нема одговор на ова прашање.

Граѓаните од изборните единици 4, 6 и 3 имаат највисоки очекувања дека изборите ќе бидат фер и демократски. Граѓаните од изборната единица 2 имаат најниски очекувања за фер и демократски избори (36 %) и наедно имаат најмногу стравувања дека изборите воопшто нема да бидат фер и демократски (18,8 %) и најчесто не одговориле на оваа прашање.

Табела 1. Очекувањата за фер и демократски избори по изборна единица

| Изборна единица / Став | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Фер и демократски избори** | 48,1 % | 36,0 % | 55,0 % | 58,1 % | 50,5 % | 57,0 % | 50,8 % |
| **Делумно фер** | 32,8 % | 25,8 % | 32,3 % | 17,3 % | 28,3 % | 14,7 % | 25,3 % |
| **Масовни нерегуларности и насилство на изборите** | 11,5 % | 18,8 % | 12,2 % | 11,0 % | 11,1 % | 11,9 % | 12,8 % |
| **Без одговор** | 7,7 % | 19,4 % | 0,5 % | 13,6 % | 10,0 % | 16,4 % | 11,2 % |

# КАКВИ ИЗБОРНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ СЕ МОЖНИ И ОД КОГО

Граѓаните сметаат дека најчести нерегуларности би можеле да бидат сите наведени форми (25,4 %) и поткупување на гласачите, а најмалку мислат дека ќе има заплашување на денот на изборите (3,0 %).

Графикон 2. Што мислите дека би се случило како нерегуларност на изборите?




Етничките Македонци мислат дека би можел да се случи поткуп на гласачи (15,4 %), а најмалку би можеле да се случат семејно гласање (3,3 %) и заплашување на денот на изборите (3,7 %).

Табела 2. Нерегуларности на изборите по етничка припадност

| **Етничка припадност / Нерегуларност** | **Етнички Македонци** | **Етнички Албанци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Поткуп на гласачи** | 15,4 % | 10,3 % | 14,0 % |
| **Принудување за гласање за одредена пратија** | 5,9 % | 1,5 % | 4,7 % |
| **Семејно гласање** | 3,3 % | 9,5 % | 4,8 % |
| **Полнење кутии** | 3,8 % | 19,0 % | 7,9 % |
| **Насилни инциденти** | 6,0 % | 3,0 % | 5,4 % |
| **Заплашување на денот на изборите** | 3,7 % | 0,0 % | 3,0 % |
| **Сите погоре** | 28,7 % | 15,6 % | 25,3 % |

Етничките Албанци сметаат дека би можело да се случи полнење на кутиите (19,0 %), а најмалку би можело да се случи заплашување на денот на изборите.

Табела 3. Очекувани изборни нерегуларности по изборна единица

| **Изборна единица / Нерегуларност** | **ИЕ 1** | **ИЕ 2** | **ИЕ 3** | **ИЕ 4** | **ИЕ 5** | **ИЕ 6** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Поткуп на гласачи** | 10,9 % | 7,0 % | 21,1 % | 18,2 % | 12,8 % | 13,5 % | 14,0 % |
| **Принудување за гласање за одредена пратија** | 4,4 % | 2,2 % | 9,5 % | 3,6 % | 6,7 % | 1,7 % | 4,7 % |
| **Семејно гласање** | 3,8 % | 1,1 % | 1,1 % | 2,1 % | 8,3 % | 13,5 % | 4,8 % |
| **Полнење кутии** | 4,4 % | 14,5 % | 2,6 % | 2,6 % | 5,6 % | 18,0 % | 7,9 % |
| **Насилни инциденти** | 8,7 % | 8,6 % | 3,2 % | 6,8 % | 5,0 % | 0,0 % | 5,4 % |
| **Заплашување на денот на изборите** | 2,2 % | 0,5 % | 1,6 % | 5,2 % | 8,3 % | 0,0 % | 3,0 % |
| **Сите погоре** | 20,8 % | 18,3 % | 21,6 % | 14,6 % | 23,3 % | 19,7 % | 19,7 % |

Полнење кутии би можело да се случи најмногу во ИЕ 6 (18,0 %), а насилни инциденти во ИЕ 1 и 2.

Изборните нерегуларности би биле предизвикани од партиите (севкупно 50,2 %, од партиите воопшто 21,2 %, од партиите на власт 15,3 % и во опозиција 13,7 %); од граѓаните (9,3 %), од локални насилници (7,4 %) и на крајот поради неспособноста на изборните органи (1,1 %).

Графикон 3. Од кого се плашите дека би произлегле изборни нерегуларности?




Етничките Македонци најчесто мислат дека партиите воопшто ќе бидат причинители на нерегуларностите (23,8 %), а најмалку самите граѓани.

Табела 4. Причинители на нерегуларности на изборите по етничка припадност

| Етничка припадност / Очекуван причинител | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Партиите воопшто** | 23,8 % | 13,6 % | 21,2 % |
| **Партиите на власт** | 13,1 % | 21,6 % | 15,2 % |
| **Партиите во опозиција** | 15,6 % | 8,0 % | 13,7 % |
| **Локални насилници** | 9,4 % | 0,8 % | 7,4 % |
| **Граѓаните** | 7,3 % | 15,9 % | 9,4 % |

Најчесто како причинители на нерегуларности на изборите ги гледаат партиите воопшто во ИЕ 2 (28,5 %), партиите на власт во ИЕ 6 (20,8 %), партите во опозиција во ИЕ 5 (18,2 %), локални насилници во ИЕ 1 (10,8 %) и граѓаните во ИЕ 6 (19,7 %).

Табела 5. Причинители на нерегуларности на изборите по изборна единица

| Изборна единица / Очекуван причинител | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Партиите воопшто** | 18,3 % | 28,5 % | 28,0 % | 23,4 % | 20,4 | 6,7 | 21,2 |
| **Партиите на власт** | 19,9 % | 14,5 % | 11,6 % | 11,5 % | 13,8 | 20,8 | 15,2 |
| **Партиите во опозиција** | 11,8 % | 8,1 % | 15,9 % | 16,1 % | 18,2 | 12,4 | 13,7 |
| **Локални насилници** | 10,8 % | 2,7 % | 10,6 % | 9,4 | 9,9 | 1,1 | 7,4 |
| **Граѓаните** | 6,5 % | 6,5 % | 8,5 % | 8,9 | 6,6 | 19,7 | 9,4 |

# ПРИЧИНИ ЗА ИЗБОРНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

Како најчеста причина за изборните нерегуларности граѓаните ја гледаат незрелоста и недемократичноста на партиите (29,5 %), а најретко во партизацијата на изборните органи (10,9 %) и етничката припадност (10,9 %).

Графикон 4. Причини за изборни нерегуларности




Дека нерегуларности постојат само кај одредени етнички заедници, мислат 14,1 % од етничките Македонци и 1,8 % од етничките Албанци.

# ЗАКЛУЧОЦИ

### Мнозинство од граѓаните (50,8 %) очекуваат фер и демократски избори, а еден од десет граѓани стравува дека ќе има масовни нерегуларности

Мнозинството од граѓаните (50,8 %) очекуваат фер и демократски избори, а 38 % мислат дека ќе има изборни нерегуларности. Незначително малцинство (12,8 %) или еден од десет граѓани стравува дека ќе има масовни нерегуларности и насилство на изборите.

Етничките Албанци (14,4 %) малку повеќе стравуваат од масовни нерегуларности и насилство на изборите од етничките Македонци (11,5 %).

Граѓаните од изборните единици 4, 6 и 3 имаат највисоки очекување дека изборите ќе бидат фер и демократски. Граѓаните од изборната единица 2 имаат најниски очекувања за фер и демократски избори (36 %) и наедно имаат најмногу стравувања дека изборите воопшто нема да бидат фер и демократски (18,8 %) и најчесто не одговориле на ова прашање.

### Најчесто поткуп на гласачите, најретко заплашување на денот на изборите

Граѓаните сметаат дека најчести нерегуларности би можеле да бидат сите наведени форми (25,4 %) и поткупување на гласачите (14 %), а најмалку мислат дека ќе има заплашување на денот на изборите (3,0 %)

Етничките Македонци мислат дека би можело да се случи поткуп на гласачи (15,4 %), а етничките Албанци сметаат дека би можело да се случи полнење на кутиите (19,0 %). Полнење кутии би можело да се случи најмногу во ИЕ 6 (18 %), а насилни инциденти во ИЕ 1 и 2.

### Најчести причинители на нерегуларностите се партиите, најретко неспособноста на изборните органи

Изборните нерегуларности би биле предизвикани од партиите (севкупно 50,2 %, партиите воопшто 21,2%, партиите на власт 15,3% и во опозиција 13,7%); од граѓаните (9,3 %), од локални насилници (7,4 %) и на крајот поради неспособноста на изборните органи (1,1 %).

Најчесто како причинители на нерегуларности на изборите ги гледаат партиите воопшто во ИЕ 2 (28,5 %), партиите на власт во ИЕ 6 (20,8 %), партите во опозиција во ИЕ 5 (18,2 %), локални насилници во ИЕ 1 (10,8 %) и граѓаните во ИЕ 6 (19,7 %).

### Незрелоста и недемократичноста на партиите причина за нерегуларностите

Како најчеста причина за изборните нерегуларности граѓаните ја гледаат незрелоста и недемократичноста на партиите (29,5 %), а најретко партизацијата на изборните органи (10,9 %) и етничката припадност (10,9 %).

Дека нерегуларности постојат само кај одредени етнички заедници, мислат 14,1 % од етничките Македонци и 1,8 % од етничките Албанци.